# ИМОТ СТЕКНАТ ВО БРАЧНА И ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ДОКАЖУВАЊЕ НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА

Изработил: М-р Снежана Бајлозова, поранешен судија на ВСРСМ, сега во пензија

fppt.com

# ПРАВНА ЗАШТИТА НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА СОГЛАСНО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

- НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРВПАТ И СЕ ДАВА ЗАШТИТА ВО СЕМЕЈНОТО ПРАВО СО ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО ОД 1992 ГОДИНА.
- ОСНОВАТА НА ОВАА ЗАШТИТА Е УСТАВОТ НА РМ ОД 1991 ГОДИНА И ТОА ЧЛЕН 40 СТАВ 2 СОГЛАСНО КОЈ ПРАВНИТЕ ОДНОСИ ВО БРАКОТ, СЕМЕЈСТВОТО И ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА СЕ УРЕДУВААТ СО ЗАКОН.
- ПОИМОТ НА ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА БЕШЕ РЕГУЛИРАН ВО ЧЛЕН 13 ОД ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО, ДОДЕКА ИМОТНИТЕ ОДНОСИ НА ВОНБРАЧНИТЕ ДРУГАРИ БЕА РЕГУЛИРАНИ ВО ЧЛЕН 218 ОД ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО
- СО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА СОПСТВЕНОСТ И ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА (ЗСДСП) И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ОД 13.09.2001 ГОДИНА ПРЕСТАНА ДА ВАЖИ ЧЛЕН 218 ОД ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО И ОТТОГАШ ПА НАВАМУ ИМОТНИТЕ ОДНОСИ НА ВОНБРАЧНИТЕ ДРУГАРИ ВО ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА СЕ РЕГУЛИРАНИ СО ЧЛЕН 81 ОД ЗСДСП.

# ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА И ИМОТОТ СТЕКНАТ ВО НЕА ВО РЕГИОНОТ

## РЕПУБЛИКА СРБИЈА

- Вонбрачната заедница е потрајна заедница на живот меѓу жена и маж меѓу кои нема брачни пречки (вонбрачни партнери)
- Имотот кој вонбрачните партнери го стекнале со работа во текот на траењето на вонбрачната заедница претставува нивен заеднички имот
- На имотните односи на вонбрачните партнери се применуваат одредбите од овој закон за имотни односи на брачните другари

## РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

- Вонбрачната заедница е заедница на живот на маж и жена која траела најмалку три години, а помалку од три години ако е родено заедничко дете или вонбрачната заедница е продолжена со склучување на брак и ако не постоеле пречки за склучување на полноважен брак
- Имотот стекнат со работа на лица во вонбрачната заедница претставува нивен заеднички имот
- На имотните односи на вонбрачните сопружници се применуваат одредбите од овој закон за имотни односи на брачните другари

# ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА И ИМОТОТ СТЕКНАТ ВО НЕА ВО РЕГИОНОТ

## РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

- Вонбрачната заедница е животна заедница на немажена жена и неоженет маж која трае најмалку три години, а пократко ако во неа е родено заедничко дете или ако е продолжена со склучување на брак
- Вонбрачната заедница создава лични и имотни односи како брачната заедница, па врз неа се применуваат одредбите од овој закон за лични и имотни односи на брачните другари

## РЕПУБЛИКА СРПСКА

- Вонбрачната заедница е заедница на живот на жена и маж (вонбрачни партнери) меѓу кои нема брачни пречки и која траела најмалку две години или пократко ако во неа е родено дете
- Имотот стекнат со работа на вонбрачните другари во текот на траењето на вонбрачната заедница претставува нивен заеднички имот.
- На имотно правните односи меѓу вонбрачните партнери се применуваат одредбите од овој закон за заеднички имот на брачните другари

# ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА И ИМОТОТ СТЕКНАТ ВО НЕА ВО РЕГИОНОТ

## ФЕДЕРАЦИЈА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

- Вонбрачната заедница е заедница на живот на жена и маж кои не се во брак или во вонбрачна заедница со друга личност, која трае најмалку три години или пократко ако во неа е родено заедничко дете
- Имотот кој вонбрачните другари го стекнале со работа во текот на траењето на вонбрачната заедница претставува нивен вонбрачен имот
- На вонбрачниот имот се применуваат одредбите од овој закон за брачен имот

## ДИСТРИКТ (ОКРУГ) БРЧКО НА БиХ

- Вонбрачната заедница е заедница на живот на жена и маж кои не се во брак или вонбрачна заедница со други лица и која трае најмалку три години ако немаат деца или пократко ако е родено заедничко дете
- Имотот кој вонбрачните другари го стекнале со работа во текот на траењето на вонбрачната заедница претставува нивен вонбрачен имот
- На вонбрачниот имот се применуваат одредбите од овој закон за брачен имот

# СТЕКНУВАЊЕ ИМОТ ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА ВО РСМ И ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ

- СТЕКНУВАЊЕТО ИМОТ ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА КАЈ НАС Е РЕГУЛИРАН ВО ЧЛЕН 81 ОД ЗАКОНОТ ЗА СОПСТВЕНОСТ И ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА.
- РЕЖИМОТ НА ЗАЕДНИЧКИ ИМОТ Е ЗАКОНСКИ ОПРЕДЕЛЕН И НЕ МОЖЕ ДА СЕ МЕНУВА СО ДОГОВОР НА БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ.
- ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ СОГЛАСНО НИВНИОТ ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВОТО Е ПРЕДВИДЕНА МОЖНОСТ БРАЧНИТЕ, ОДНОСНО ИДНИТЕ БРАЧНИ ДРУГАРИ ДА МОЖАТ СВОИТЕ ИМОТНИ ОДНОСИ НА ПОСТОЕЧКИОТ ИЛИ ИДЕН ИМОТ ДА ГИ УРЕДАТ СО ДОГОВОР (БРАЧЕН ДОГОВОР) СО ШТО СЕ ИСКЛУЧУВА ЗАКОНСКИОТ РЕЖИМ НА ЗАЕДНИЧКИ ИМОТ.

# ОСНОВНИ ОДРЕДНИЦИ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА

- Согласно член 13 од Законот за семејството вонбрачната заедница е:
  - заедница на живот на маж и жена и
  - во однос на нејзиното засновање и како однос меѓу вонбрачните другари не е со закон уредена

- Вонбрачната заедница постои и покрај постоењето на брачни пречки (малолетност, крвно сродство, сватовство, постоење на брак и заблуда)

# КОГА НЕ БИ МОЖЕЛО ДА СЕ СМЕТА ДЕКА ПОСТОИ ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА:

- КОГА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА Е ВОСПОСТАВЕНА СО ПРИСИЛА КОН ЕДНИОТ ИЛИ ОБАТА ВОНБРАЧНИ ДРУГАРИ ИЛИ СО ЛИЦЕ КОЕ НЕ МОЖЕ ДА ГО СФАТИ ЗНАЧЕЊЕТО НА ТАКВАТА ЗАЕДНИЦА;
- ДОКОЛКУ Е НАРУШЕНО ПРАВИЛОТО ЗА МОНОГАМНОСТ И ТОА ВО ФАКТИЧКА СМИСЛА;
- ДОКОЛКУ СЕ РАБОТИ ЗА ПРИВРЕМЕНИ, КРАТКОТРАЈНИ ИЛИ ПОВРЕМЕНИ ВОНБРАЧНИ ОДНОСИ КОИ СО ПРЕКИНИ МОЖАТ ДА ТРААТ И ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ГОДИНА И
- ДОКОЛКУ ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА СО СИТЕ НЕЈЗИНИ АТРИБУТИ ТРАЕЛА ПОМАЛКУ ОД ЕДНА ГОДИНА.

# ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА

- ПРЕСТАНУВАЊЕТО НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА, ИСТО КАКО И НЕЈЗИНОТО ЗАСНОВАЊЕ, НЕ Е ПРАВНО УРЕДЕНО, ТАКА ШТО ТОА ИСТО ТАКА ПРЕТСТАВУВА ФАКТИЧКО ПРАШАЊЕ.

- ПРЕСТАНУВАЊЕТО НА ЗАЕДНИЧКОТО ДОМУВАЊЕ НЕ БИ МОЖЕЛО ДА СЕ СМЕТА СЕКОГАШ И КАКО ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА.

# ПРЕРАСНУВАЊЕ НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА ВО БРАЧНА ЗАЕДНИЦА

ПРЕРАСНУВАЊЕТО НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА ВО БРАЧНА ЗАЕДНИЦА ЗНАЧИ КОНТИНУИТЕТ ВО СТЕКНУВАЊЕТО НА ЗАЕДНИЧКИОТ ИМОТ, ОДНОСНО ИМОТОТ СТЕКНАТ ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА КОЈА ПОДОЦНА И ФОРМАЛНО ПРЕРАСНАЛА ВО БРАК Е ЗАЕДНИЧКИ ИМОТ НА БРАЧНИТЕ (ВОНБРАЧНИТЕ) ДРУГАРИ СТЕКНАТ ВО КОНТИНУИТЕТ.

# ТОВАР НА ДОКАЖУВАЊЕ ДЕКА СЕ РАБОТИ ЗА ИМОТ СТЕКАТ ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА

- ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕТО НА ЗАСНОВАЊЕ НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА, ЗА ТОА ДЕКА ТАА НЕ Е ПРЕКИНУВАНА, ДЕКА ТРАЕЛА НАЈМАЛКУ ЕДНА ГОДИНА, ОДНОСНО КОГА ПРЕСТАНАЛО ПОСТОЕЊЕТО НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА, ПАЃА НА ТОВАР НА ОНА ЛИЦЕ КОЕ ТАКВОТО НЕШТО ГО ТВРДИ И ОД ШТО ИЗВЛЕКУВА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАВА.
- ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ НА ПОГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ОКОЛНОСТИ СЕ ВРШИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 205 И ЧЛЕН 207 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА.
- КАКО ДОКАЗНИ СРЕДСТВА СЕ СМЕТААТ: СВЕДОЦИ, СОСЛУШУВАЊЕ НА СТРАНКИ, УВИД И ДРУГИ ПИСМЕНИ ДОКАЗИ ОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ УТВРДАТ РЕЛЕВАНТНИ ФАКТИ ПО ОДНОС НА ПОСТОЕЊЕТО ИЛИ НЕПОСТОЕЊЕТО НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА.

# ПРАВА ОД ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА:

**ПРАВА КОИ МУ СЛЕДУВААТ НА ВОНБРАЧНИОТ ДРУГАР:**

- Право на меѓусебно издржување на вонбрачните другари;
- Право на стекнување имот во вонбрачна заедница;
- Право на надомест на нематеријална штета за душевни болки во случај на смрт или тежок инвалидитет на другиот вонбрачен другар доколку постоела потрајна заедница.

**ПРАВА КОИ НЕ МУ СЛЕДУВААТ НА ВОНБРАЧНИОТ ДРУГАР :**

- Согласно Законот за наследување на РМ, во случај на смрт вонбрачниот другар не може да го наследи починатиот вонбрачен другар (оставителот)
- Согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување на РМ во случај на смрт на едниот вонбрачен другар, другиот вонбрачен другар не ја наследува неговата семејна пензија

# РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РЕГИОНОТ:

ПРАВАТА ОД ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА КОИ ИМ ПРИПАЃААТ НА ВОНБРАЧНИТЕ ДРУГАРИ ВО РСМ СЕ ИДЕНТИЧНО РЕГУЛИРАНИ И ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ.

ЕДИНСТВЕНО ВО ПОГЛЕД НА ПРАВОТО НА НАСЛЕДУВАЊЕ ДЕКА ВОНБРАЧНИОТ ДРУГАР НЕ ГО НАСЛЕДУВА ПОЧИНАТИОТ ВОНБРАЧЕН ДРУГАР, СОСТОЈБАТА ВО РСМ Е ИСТА СО СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА.

ЗА РАЗЛИКА ОД РСМ И РЕПУБЛИКА СРБИЈА, ВО ОСТАНАТИТЕ ЗЕМЈИ ОД РЕГИОНОТ СО СМРТТА НА ЕДНИОТ ВОНБРАЧЕН ДРУГАР, ДРУГИОТ ВОНБРАЧЕН ДРУГАР ИМА ПРАВО ДА ГО НАСЛЕДИ ОСТАВИТЕЛОТ.